# Датотека на податоци од Проверката на работниците во Програмата NDIS: Што треба да знаат учесниците во Програмата NDIS кои сами управуваат со своите поддршки и услуги

Датотеката на податоци од Проверката на работниците во Програмата NDIS (NDIS Worker Screening Database - NWSD) ќе почне да се користи на 1 февруари 2021 г. Овој информативен лист објаснува што претставува Датотеката NWSD и како можете да ја користите.

За да ви помогнеме да разберете некои од зборовите и изразите што ги користиме во овој информативен лист, имаме список на нашето место на интернет.

## Датотека на податоци од Проверката на работниците во Програмата NDIS

Проверката на работниците во Програмата NDIS – Проверката на работниците (NDIS Worker Screening Check - Worker Screening Check) почнува на 1 февруари 2021 г. во сите држави и територии со исклучок на Северната Територија.

Северната Територија ќе почне да ја користи Проверката на работниците не подоцна од 1 јули 2021 г.

За да се помогне исправното функционирање на Проверката на работниците, на интернет ќе има Датотека на податоци од Проверката на работниците во Програмата NDIS (Датотека NWSD).

За повеќе информации за Проверката на работниците, прочитајте го информативниот лист *Проверка на работниците во Програмата NDIS: Што треба да знаат учесниците во Програмата NDIS кои сами управуваат со своите поддршки и услуги*.

### За што служи Датотеката NWSD

Датотеката NWSD содржи список со имињата на сите работници во Програмата NDIS кои се подложиле на Проверка на работниците, како и информација за тоа дали Одделението за проверка на работниците (Worker Screening Unit - WSU) им дало или не им дало одобрение да работат на одредени работни места.

Датотеката NWSD им помага на Одделенијата за проверка на работниците да можат да продолжат да ги проверуваат досиејата на работниците што имаат одобренија издадени врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS за нови информации од полицијата и од други агенции за да осигурат дека тие работници сè уште се погодни да имаат одобрение за работа во Програмата NDIS.

Давателите на услуги од Програмата NDIS и учесниците во Програмата NDIS кои сами управуваат со своите поддрши и услуги може да ја користат Датотеката NWSD за да се уверат дека вработуваат работник што поднел барање за Проверка на работникот.

Тие исто така може да ја користат датотеката за да видат дали некое лице што работи за нив има одобрение издадено врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS.

Учесниците кои сами управуваат со своите поддршки и услуги ќе треба да пополнат формулар за барање за да побараат пристап до Датотеката NWSD. Комисијата на Програмата NDIS ќе

треба да потврди дека уште сте учесник кој сам управува со своите поддршки и услуги пред да ви дозволи да ја користите Датотеката NWSD.

Датотеката NWSD исто така им помага на регистрираните даватели на услуги од Програмата NDIS да имаат увид во тоа кои од нивните работници имаа одобрение издадено врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS.

## Учесниците во Програмата кои сами управуваат со своите поддршки и услуги и Датотеката NWSD

Ако побарате од некој од вашите работници да поднесе барање за Проверка на работникот, ќе треба да ја користите Датотеката NWSD за да го известите Одделението за проверка на работниците дека го ангажирате тој работник да ви дава услуги и поддршки од Програмата NDIS.

Одделението за проверка на работниците нема да го разгледа барањето на работникот за Проверка на работникот додека вие не кажете во Датотеката NWSD дека тоа лице ви дава услуги и поддршки од Програмата NDIS.

Одделението за проверка на работниците ќе ви прати електронска порака веднаш штом ќе донесе одлука во врска со барањето што го поднел работникот.

Ако сакате да проверите дали некое лице има одобрение издадено врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS, ќе треба да се најавите во Датотеката NWSD.

Ќе треба од тоа лице да побарате да ви го даде својот Број за проверка на работникот (Worker Screening Number). Тој број ќе ви помогне да го најдете работникот во Датотеката NWSD.

Може да замолите некое лице во кое имате доверба да ја користи Датотеката NWSD место вас – на пример, вашето именувано лице или старател.

## Што ќе видите во Датотеката NWSD

Ако добиете пристап до Датотеката NWSD, ќе видите само некои информации за работниците во Програмата NDIS што ги користите вие и кои им било или не им било издадено одобрение врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS.

Ќе може да ги видите нивното име, датум на раѓање, дали им било или не им било издадено одобрение врз основа на Проверката на работниците во Програмата NDIS и дали имаат одобрение да работат на одредени работни места.

Датотеката NWSD не содржи информации за прифатливите проверки од државата или територијата. По 1 февруари 2021 г., ако вашиот нерегистриран давател на услуги или работник ви рече дека има важечка прифатлива проверка од државата или територијата (место одобрение издадено врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS), може да побарате од нив да ви го покажат тоа одобрение ако ви треба доказ дека имаат такво одобрение.

## Важни информации што треба да ги запомните

- Датотеката NWSD ќе биде **расположива од 1 февруари 2021 г.**
- Датотеката NWSD им овозможува на **регистрираните даватели на услуги од Програмата NDIS, на учесниците што сами управуваат со своите услуги, како и на некои нерегистрирани даватели на услуги, да проверат** дали Одделението за

проверка на работниците решило да му го одобри или да не му го одобри барањето на некој работник за издавање одобрение врз основа на Проверка на работникот.

- Од 1 февруари 2021 г. (или не подоцна од 1 јули 2021 г. во Северната Територија), ако **побарате од некој нерегистриран давател на услуги или работник од Програмата NDIS да добие одобрение издадено врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS, ќе треба да поднесете барање до Комисијата на Програмата NDIS** за да добиете пристап до Датотеката NWSD.
- Датотеката NWSD **не чува информации** за важечките прифатливи проверки од државата или територијата.

## Каде може да добијам повеќе информации?

Посетете го местото на Интернет на Комисијата на Програмата NDIS за повеќе информации. Исто така ќе разговараме и со застапниците и со Националната агенција за осигурување при онеспособеност (NDIA) за да осигуриме дека другите учесници во Програмата кои сами управуваат со своите поддршки и услуги се запознаени со Проверката на работниците во Програмата NDIS.